# Спречување на присилниот брак и трговијата со луѓе

## Меѓународна изјава на Ла Страда, Ден на жената, 2025 г

**По повод Меѓународниот ден на жената 2025, Отворена Порта/Ла Страда Северна Македонија и La Strada International заеднички повикуваат на итна акција за спречување на присилните бракови како кривично дело и како форма на трговија со луѓе. Заедно ги повикуваме владите, институциите и меѓународната заедница да обезбедат ефективна транспозиција на директивите на ЕУ, зајакнување на услугите за поддршка на жртвите и спроведување на мерки за превенција.**

Присилен брак е брак без согласност. Тоа е форма на насилство што повлекува сериозни повреди на основните права, особено на правото слободно да се одлучува дали, кога и со кого да се стапи во брак.

Присилниот брак може да претставува трговија со луѓе кога вклучува некое од дејствата, средствата и целите на експлоатација наведени во дефиницијата на кривичното дело. На пример, кога бракот се користи за регрутирање на лице заради експлоатација. Згора на тоа, во многу случаи, принудата преку физичко и сексуално насилство, закани, киднапирање, измама, присила и злоупотреба на положбата на ранливост се користи за да се присилат поединци особено жени и девојчиња на брак.

Минатата година, на 14 јули, стапи на сила ревидираната Директива на ЕУ за борба против трговијата со луѓе [1]. Земјите членки на ЕУ, од тој ден, имаат две години да ги пренесат новите правила во нивното национално законодавство. Ова вклучува обврска да се квалификува експлоатацијата преку присилниот брак како трговија со луѓе, доколку се исполнети сите критериуми што го сочинуваат делото трговија со луѓе.

Во 2024 година, ЕУ, исто така, го усвои својот прв закон за борба против насилството врз жените [2]. Законот бара од сите земји на ЕУ да го криминализираат присилниот брак [3], покрај другите форми на насилство врз жените и семејното насилство. Покрај тоа, тој содржи детални правила за мерките за помош и заштита што земјите членки треба да ги обезбедат на жртвите. Државите исто така треба да им изрекуваат соодветни казни на сторителите.

Една година претходно, ЕУ пристапи кон Конвенцијата на Советот на Европа од 2011 година за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) која веќе ги обврза државите да го криминализираат намерното однесување на принудување лице да склучи брак. Во моментов, 39 европски земји ја имаат ратификувано оваа Конвенција, вклучително и 22 земји членки на ЕУ.[4]

---

[1]Директива (ЕУ) 2024/1712 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јуни 2024 година за изменување и дополнување на Директивата 2011/36/ЕУ за спречување и борба против трговијата со луѓе и заштита на нејзините жртви

[2]Директива (ЕУ) 2024/1385 на Европскиот парламент и на Советот од 14 мај 2024 година за борба против насилството врз жените и семејното насилство

[3]Прекршокот е дефиниран како принудување на возрасен или дете да склучи брак или намамување возрасен или дете на територијата на земја различна од онаа во која престојува со цел да се принуди тоа возрасно или дете да склучи брак.

[4]Бугарија, Чешка, Унгарија, Литванија и Словачка се уште ја немаат ратификувано Истанбулската конвенција.

Овие законодавни случувања се важен чекор напред, бидејќи тие можат да помогнат во ефикасно спречување и борба против присилните бракови и трговијата со луѓе.

Во текот на минатата година, внимателно ја следевме и истражувавме рамката на законодавната политика и практиките за присилниот брак низ Европа, вклучувајќи ја и нејзината поврзаност со трговијата со луѓе.

Сега кога е воспоставена сеопфатна европска законодавна рамка, од суштинско значење е двете директиви соодветно да се транспонираат во националното законодавство. Неодамнешното истражување на Ла Страда покажува дека во моментов 22 земји членки на Советот на Европа, вклучително и 18 земји од ЕУ, веќе имаат посебно кривично дело за присилен брак во нивното законодавство, главно како одговор на барањата поставени со Истанбулската конвенција**.** Многу земји исто така воспоставуваат граѓанскоправни последици за присилните и малолетничките бракови, дополнително зајакнувајќи ги правните заштити. Присилниот брак сè уште генерално не е вклучен во националните кривични дефиниции за трговија со луѓе**.** Според нашите наоди, во моментов 8 европски земји (6 земји членки на ЕУ и уште две други) го имаат инкорпорирано во нивното законодавство.

Реалноста на теренот покажува дека случаите на детски бракови, како и случаите на присилни бракови, се сè почести. Многу жртви, особено млади девојки и жени од маргинализирани заедници, се соочуваат со принуда, злоупотреба и експлоатација во рамките на присилните бракови. Дополнително, забележуваме зголемување на потенцијалните случаи на трговија со луѓе поврзани со присилен брак, кои се упатени кај нашите членки. Во 2023 година, најмалку 20 вакви потенцијални случаи на трговија со луѓе за (експлоатација преку) присилен брак беа пријавени и упатени кај нашите членки. Сепак, и понатаму е доста тешко јасно да се разграничи кои случаи се квалификуваат како кривично дело трговија со луѓе, а кои не. Дополнително, сè уште не е јасно што точно се подразбира под „експлоатација преку присилен брак“ и забележуваме различни пристапи и толкувања на национално ниво во Европа. Ова прашање бара поголемо внимание и дополнителни насоки.

Покрај законските измени, државите треба да обезбедат и ефективни механизми за нивно спроведување, како и континуирани напори за отстранување на социокултурните и економските фактори што ја одржуваат оваа практика. Присилните како и детските бракови, се долгогодишна и длабоко вкоренета практика која продолжува да претставува значителен правен и социјален предизвик ширум светот. Сиромаштијата, невработеноста, обичаите или конфликтите се фактори кои промовираат принуден брак. Честопати, формите на физичка и психичка експлоатација и насилство, како што е сексуалната експлоатација, го придружуваат присилниот брак.

За да се подигне повеќе свеста, ние сме посветени на спроведување конкретни активности со нашите членови, вклучително и започнување целна кампања за подигање на свеста во Северна Македонија [5], за да се реши проблемот и да се промовира подобро разбирање на присилниот брак и трговијата со луѓе.

---

[5] Оваа кампања ќе се спроведува во рамките на проектот *„ Подобрување на превенцијата и грижата за жртвите на присилни бракови , финансирано од Министерството за Европа и надворешни работи на Франција.*

На овој Меѓународен ден на жената, ги повикуваме владите и меѓународната заедница ефикасно да се борат и да спречат присилен брак и трговија со луѓе со цел присилен брак, преку:

- Обезбедување соодветно транспонирање на ЕУ Директивите за борба против насилството врз жените и трговија со луѓе во националното законодавство ; како и ратификување на Истанбулската конвенција од земјите што сè уште не го направиле тоа.
- Обезбедување повеќе насоки и обуки за сите релевантни актери за тоа како да се толкува и да се усогласи со оваа криминализирана форма на насилство; вклучително и кога се работи за кривично дело присилен брак и кога трговија со луѓе
- Подигнување на свеста за присилниот брак, особено кај младите, за да се обезбеди рана идентификација на оние кои се изложени на ризик од присилен брак
- Ангажирање на засегнатите заедници во акции за превенција и подигање на свеста
- Обезбедување соодветно упатување и специјализирани услуги за поддршка на жртвите
- Подобрување на понатамошното истражување и меѓуагенциската соработка
- Финансирање на организации и активности, поддршка на жртви на (трговија за експлоатација на) принуден брак.

## Северна Македонија .

Во Северна Македонија, присилниот брак е криминализиран како форма на трговија со луѓе, што ја одразува заложбата на земјата за борба против ова тешко кршење на човековите права. Сепак, случаите на присилни бракови поврзани со трговијата со луѓе се во пораст, често поврзани со сиромаштија, родова нееднаквост и социјални норми. Многу жртви, особено млади девојки и жени од маргинализирани заедници, се соочуваат со принуда, злоупотреба и експлоатација во рамките на присилните бракови. Иако постојат законски одредби, сè уште има значителни предизвици во нивното спроведување, идентификацијата на жртвите и обезбедувањето на специјализирани услуги за поддршка.

Од клучно значење е Северна Македонија да го зајакне спроведувањето на законите, поддршката за жртвите и напорите за превенција. Потребна е поголема меѓуинституционална координација, кампањи за подигнување на свеста и соодветна обука за да се осигура дека присилниот брак е ефикасно спречен и гонет како облик на трговија со луѓе.